РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK

Бр./Nr. 09-59/1 Скопје, Shkup, 03.02 2021 година/viti

ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ
- 2021 година -
за постапување согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. ВОВЕД:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст - Агенцијата) во текот на 2021 година продолжува со реализирање на активностите кои произлегуваат од надлежностите наведени во член 30 став 1 алинеја 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, во натамошниот текст ЗСПИЈК). Како самостоен и независен државен орган, во рамките на заштитата, унапредувањето и промовирањето на уставно загарантираното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Агенцијата останува активна на планот на едукација на барателите и на имателите на информации од јавен карактер.

И покрај околностите кои и натаму ги предизвикува вирусот ковид 19, Агенцијата планира, како и во текот на претходната, така и во текот на 2021 година да продолжи со активна програма на полето на едукацијата и на имателите и на барателите на информации. Нејзините активности ќе се одвиваат во дијапазон од централно до локално ниво и ќе се однесуваат на сите раководни и службени лица кои располагаат и посредуваат информации од јавен карактер, како и на сите физички и правни лица кои сакаат да го

остварат своето уставно и законско право на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Во насока на погоренаведеното, Агенцијата ќе организира и ќе реализира континуирани **бесплатни** еднодневни (тричасовни) on-line обуки, кои ќе се одвиваат од крајот на месец Јануари, до првата половина на месец јуни, со продолжување по завршување на годишните одмори, се до крајот на годината. Обуките ќе се одржуваат секој четврток во неделата, а учесниците за тоа ќе бидат навремено известени и регистрирани.

Анализирајќи ја заинтересираноста за ваквите едукативни средби на кои се пренесуваат најновите измени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, донесен во мај 2019 година и имплементиран од почетокот на 2020 година, Агенцијата на своите on-line работилници во прв ред ќе ги повикува новоназначените службени лица за посредување на информации кај имателите, кои досега не посетувале вакви обуки и службените лица кои покажуваат интерес за повторно присуство на работилниците, а секако ќе биде давана можноста и самите службени лица да се пријавуваат за следење на обуките на електронската адреса специјално креирана за таа намена: obuki@aspi.mk.

2. НАСЛОВ:

Земајќи го предвид интересот на формираните таргет групи за учество на обуките и евентуалните работилници, Агенцијата зацрта единствен наслов за нивното одржување: БАРАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР (согласно ЗСПИЈК од 2019 година).

3. ГЛАВНА ЦЕЛ:

Центар на вниманието на планираните обуки ќе заземе едуцирањето на службените и на раководните лица кај имателите на информации, на централно и на локално ниво, правилно и навремено да постапуваат по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, а на идните баратели (физички и правни лица) да им се даде соодветна помош, како и насоки при поднесувањето на барањата.

3а) Во функција на остварување на зацртаните цели, покрај планираните on-line обуки кои, доколку дозволат новонастаните околности, може да се спроведуваат и со физичко присуство на службените лица во просториите на Агенцијата, планирани се и други активности на полето на едукацијата, во содејство со други чинители на полето на остварувањето на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Така, преку Инструментот TAIEX на Европската Комисија, Агенцијата планира одржување на три (3) дводневни обуки на регионално ниво, наменети за посебна таргет група барателите - новинарите, истражувачките новинари и новинарските истражувачки лаборатории, како барателите кои во претходниот

извештаен период пројавија поголем интерес за користење на правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, во функција на извршувањето на своите професионални задачи. Првата од трите обуки е планирана (зависно од потврдата на TAIEX) во првата половина од годината додека останатите две би се одржале кон крајот на годината (по претходен договор со TAIEX).

3б) Исто така Агенцијата, во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), планира да оствари четири (4) едукативни средби на темата слободен пристап до информации, од кои две ќе бидат реализирани со службени лица, а две со раководни лица во локалната самоуправа. За истите ЗЕЛС и Агенцијата навремено ќе ги известат планираните учесници.

3в) Слична соработка Агенцијата очекува и со Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, со која веќе остварува долгогодишна соработка. Во актуелните околности, Агенцијата договора нејзино вклучување во обуките на ОБСЕ на локално ниво, кои се заеднички поврзани со иста цел - едукација на полето на атикоруптивноста на локално ниво, како и промоција на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој спаѓа во редот на антикорупциските закони. Паралелно, ќе бидат обезбедени и други форми на едукација на граѓаните, преку изработка и делење на брошури, флаери и сл.

3г) Во насока на целосно и посеопфатно спроведување на Планот за обуки на Агенцијата, значајни ќе бидат и дел од проектните активности преземени преку Инструментот за претпристапна помош ИПА II, како и континуираното продолжување на соработката со невладиниот сектор, со цел за јакнење на свеста кај граѓаните за значењето на ова основно човеково право, како и за имплементацијата на прописите од оваа сфера.

4. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ:

4а) Составување и поднесување на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно ЗСПИЈК;

4б) Постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку искуствени вежби;

4в) Симулација на спроведување на задолжителниот тест на штетност;

4г) Донесување управни акти засновани врз закон;

4д) Запознавање и учење на процедурите за постапување по жалби;

4ѓ) Проактивно објавување на информациите од јавен карактер;

4е) Презентација и дискусија по практични примери од работењето на Агенцијата.

5.ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:

Согледувајќи го досегашното искуство и земајќи ги предвид

пандемичните околности, Агенцијата смета дека почетен најповолен период за реализација на редовните обуки за службените лица кај имателите на информаци е крајот на месец јануари, односно почетокот на месец февруари. Истите би продолжиле до средината на месец јуни, а во втора фаза би се одвивале по завршување на годишните одмори (средината на септември) и би завршиле до крајот на годината.

6. ЛОКАЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈА:

Планираните обуки ќе бидат реализирани во зависност од дадените околности. Во прв ред нивната реализација ќе биде остварувана од просториите на Агенцијата, преку актуелната zoom платформа, а доколку дојде до значајни позитивни промени во врска со ковид 19, обуки одново може да се спроведуваат со физичко присуство во обезбедена сала во Агенцијата, како и на локации кои ќе бидат обезбедени од нејзините понапред споменати партнери (со ограничување на максималниот број учесници според процедурите на безбедност).

Притоа Агенцијата смета и на досегашната добра практика на соработка меѓу имателите на информации од јавен карактер и граѓанскиот сектор, која покажа дека претставува клучна алатка за доброто владеење и дека е значаен фактор за транспарентното работење и за имплементирањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, а што секако резултира со здобивање практични искуства кај земјите аспиранти за членки на Европската Унија.

7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ:

За успешно спроведување на наведените конципирани обуки, засега може да се користи оптимумот од 3 (три) часа, но истите, во зависност од околностите и потребите може да се реализираат (особено на локално ниво) како посодржајни (еднодневни, или дводневи) работилници.

8. СОДРЖИНА/АГЕНДА:

8а) Запознавање со учесниците, програмата и целите на обуката - 20.мин;

8б) Очекувања од учесниците - 10 мин;

8в) Постапување по барање (вежба) - 35 мин;

8г) Пауза - 15 мин.;

8д) Осврт на исклучоците од законот и на Тестот на штетност- 20 мин;

8ѓ) Симулација на донесување решенија согласно ЗСПИЈК и Законот за општата управна постапка - 15 мин;

8е) Пауза - 15 мин.;

8ж) Прашања и одговори - 20 мин.;

8з) оценување на обуката - 5 мин.

9. РЕЗУЛТАТИ ОД ОБУКАТА:

Агенцијата очекува обуките да придонесат учесниците да бидат оспособени за:

9а) ефективна комуникација со Агенцијата;

9б) поднесување, прифаќање, разбирање и постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер;

9в) правилно спроведување на задолжителниот тест на штетност;

9г) донесување управни акти согласно закон;

9д) правилно и навремено доставување годишни извештаи до Агенцијата.

10. МЕТОДИ ЗА РАБОТА:

10а) power point презентација;
10б) работа во групи;
10в) учење на далечина со користење на ИКТ алатки;
10г) дискусија во големи и мали групи;
10д) искуствено учење.

11. КОРИСТЕНИ АЛАТКИ:

11а) хамер;
11б) табла со flip chart хартија;
11в) фломастери/маркери;
11г) LCD проектор;
11д) ZOOM платформа;
11ѓ) MIRO апликација;
11е) евалуационен лист / gugl forms.

Директор
Пламенка Бојчева

Подготвил:
Цветан Станоески